Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ

| Примено: 10 -03- 2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 49/5 | | |

До

Наставно-научниот совет на

Филолошкиот факултет „Блаже

Конески“ – Скопје

# И З В Е Ш Т А Ј

за избор на демонстратор по предметот Фразеологија на македонскиот јазик (0+2)

На интерниот оглас, распишан од деканот на нашиот факултет, се пријави кандидатката Љупка Евроска, родена на 11.09. 1997 година во Охрид.

На 29.09. 2020 година ги завршува додипломските студии на групата Македонски јазик како дипломиран професор по македонски јазик и книжевност, со просек 9.94., за што добива и пофалница. Во текот на студирањето има повеќе воннаставни активности: учество на две научни студентски конференции „Како си ми“ и, во коавторство, објавува две статии и една хроника; учество на Летната школа за црногорски јазик и култура (20019) и др. По дипломирањето, го полага и лекторскиот испит и се јавува како лектор на неколку книги и учебнци. Има одлично познавање на англискиот, српскиот/хрватскиот јазик, а може да се служи и со германскиот јазик.

Кандидатката е редовен студент на студиската група Македонски јазик на вториот циклус студии (2021/2022).

Поради интересот што го пројавува за понатамошно проучување на македонскиот јазик и поради тоа што се работи за солидна студенка и постдипломка, предлагаме Љупка Евроска да биде избрана за демонстратор по предметот Фразеологија на македонскиот јазик (0+2) за летниот семестар.

7.08. 2023

Комисија:

проф. д-р Катерина Велјановска

проф. д-р Искра Пановска-Димкова

проф. д-р Гордана Алексова